# МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
## АРХИЕПИСКОПСКИ ЦРКОВЕН СУД


бр. 03
Скопје, 23.09.2021

Македонска Православна Црква
- Охридска Архиепископија,
Струмичка Православна Епархија
1
30.09.2021 год.
Струмица

Архиепископскиот црковен суд ( АЦС ) на Македонската православна црква – Охридска архиепископија ( МПЦ-ОА ) во состав: Митрополит Тетовско-гостиварски г. Јосиф – потпретседател; протојереј-ставрофор Сашко Николовски, протојереј-ставрофор Марјан Јанковиќ, протојереј-ставрофор Никола Христоски – членови на Судот; со протојереј-ставрофор Јован Кумевски в.д. секретар на Судот, на седницата одржана на 23.09.2021 година, согласно Уставот на МПЦ-ОА чл. 144 и чл. 147 ст. 2, разгледувајќи ја Пресудата на Епархискиот црковен суд ( ЕЦС ) на Струмичката православна епархија бр. 01/2021 од 19.05.2021 година, која се однесува на обвинетиот протојереј **Боро Милчев**, откако го разгледа целокупниот доставен материјал по првостепената пресуда, донесена од страна на ЕЦС на Струмичката православна епархија, го донесе следново

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ПОТВРДУВА ПРЕСУДАТА** донесена од Струмичката православна епархија бр. 01/2021 година од 19.05.2021 година, со која на обвинетиот протојереј Боро Милчев му е изречена казна **ЛИШУВАЊЕ ОД СВЕШТЕНИЧКИОТ ЧИН И ВРАЌАЊЕ ВО РЕДОТ НА ЛАИЦИТЕ.**

## Образложение

Осудениот протојереј Боро Милчев е роден на 25.03.1963 година во с. Смоларе, Струмичко.

По сознанието за направени канонски престапи од протојерејот Боро Милчев, од страна на епархискиот црковен обвинител Григориј Јакимов покренато е обвинение протов протојерејот Боро Милчев, согласно важечките правни акти на МПЦ-ОА. Во обвинителниот акт детално се наведени сите направени канонски престапи на протојерејот Боро Милчев. По спроведената постапка пред епархискиот црковен суд на Струмичката православна епархија, врз основа на целокупниот доказен материјал, на обвинетиот протојереј Боро Милчев му е изречена казна: лишување од свештеничкиот чин и враќање во редот на лаиците.

Во законски определениот рок осудениот не поднел жалба преку ЕЦС до АЦС на МПЦ-ОА.

Архиепископскиот црковен суд на МПЦ-ОА, постапувајќи согласно чл. 53 од Правилата за дисциплинска постапка во Македонската православна црква, врз основа на доставените материјали од страна на Струмичката православна епархија, констатира дека постапката е водена уредно и дека врз основа на целокупниот доказен материјал во предметот правилно е утврдена фактичката состојба и изречената превостепена пресуда е законска. Од тие причини Архиепископскиот црковен суд ја потврди првостепената пресуда на осудениот Боро Милчев.

Правна поука: Против ова решение незадоволната страна има право на жалба до Светиот Архијерејски Синод на МПЦ-ОА во рок од 15 дена по до добивањето на ова решение.

Решението е доставено до:

- Епархискиот црковен суд на Струмичката православна епархија;
- Осудениот Боро Милчев;
- Архивата на АЦС на МПЦ-ОА.

Донесено на 23.09.2021 г.

ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА

АРХИЕПИСКОПСКИОТ ЦРКОВЕН СУД

МИТРОПОЛИТ ТЕТОВСКО-ГОСТИВАРСКИ